**20252464785**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 39 став (1) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25), министерот за образование и наука, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПРИЈАВУВАЊЕТО, ПОЛАГАЊЕТО, ПРИЛАГОДУВАЊЕТО ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТИ, ОРГАНИЗИРАЊЕТО НА ПОЛАГАЊЕТО И ОЦЕНУВАЊЕТО НА ИСПИТИТЕ ОД ДРЖАВНАТА МАТУРА, ДРЖАВНАТА СТРУЧНА МАТУРА И ДРЖАВНАТА УМЕТНИЧКА МАТУРА

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на пријавувањето, полагањето, прилагодувањето за учениците со попречености, организирањето на полагањето и оценувањето на испитите од државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура.

## II. ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИСПИТИ ОД ДРЖАВНАТА МАТУРА, ДРЖАВНАТА СТРУЧНА МАТУРА И ДРЖАВНАТА УМЕТНИЧКА МАТУРА

### Член 2

(1) За полагање на државна матура/државна стручна матура/државна уметничка матура во јунскиот испитен рок, кандидатот се пријавува со поднесување на пријава во училиштето каде што е запишан, најдоцна до 31 декември во тековната учебна година.

(2) Податоците за пријавените кандидати, од страна на Училишната матурска комисија (во натамошниот текст: УМК), се внесуваат во базата на податоци за државна матура, државна стручна матура и државна уметничка матура (во натамошниот текст: базата на податоци), најдоцна до 20 јануари во тековната учебна година.

(3) За пријавените кандидати Државниот испитен центар (во натамошниот текст: ДИЦ), доставува списоци со податоци до УМК, најдоцна до 1 февруари во тековната учебна година.

(4) УМК доставува потврдени списоци со податоци за пријавените кандидати до ДИЦ, најдоцна до 20 февруари во тековната учебна година.

(5) За полагање на државна матура/државната стручна матура/државната уметничка матура во августовскиот испитен рок, кандидатот се пријавува со поднесување на пријава во училиштето каде што е запишан, најдоцна два дена по денот на објавувањето на конечните резултати од јунскиот испитен рок.

(6) За полагање на државна матура/државната стручна матура/државната уметничка матура во августовскиот испитен рок, кандидатот кој ги поништил резултатите од испитот/испитите се пријавува во училиштето каде што е запишан, најдоцна два дена од денот на поништување на резултатите од јунскиот испитен рок, но не подоцна од пет дена од објавување на конечните резултати од јунски испитен рок.

(7) Податоците за пријавените кандидати за полагање во августовскиот испитен рок од страна на УМК, се внесуваат во базата на податоци во ДИЦ најдоцна еден ден по завршеното пријавување. За пријавените кандидати ДИЦ доставува списоци со податоци до УМК најдоцна четири дена по завршеното пријавување. УМК доставува потврдени списоци за сите пријавени кандидати до ДИЦ, најдоцна еден ден по приемот на доставените списоци.

Член 3

(1) Кандидатот кон пријавата приложува свидетелство за завршена прва, втора, трета и четврта година на образованието како доказ за исполнување на условите за полагање на државна матура/државна стручна матура/државна уметничка матура, еден ден пред полагање на првиот екстерен испит и истото се доставуваат до УМК.

(2) Доказите од став (1) на овој член, не се однесуваат за полагање на проектната задача.

Член 4

(1) Ако кандидатот од оправдани причини од став (2) на овој член, не го пријавил навреме испитот, УМК врз основа на писмени докази за оправданоста на причините од став (2) на овој член, може да му овозможи истиот да го пријави најдоцна до 20 февруари во тековната учебна година за јунскиот испитен рок и еден ден по завршувањето на пријавувањето во августовскиот испитен рок.

(2) Оправдани причини за ненавремено пријавување за полагање на испитите во државна матура/државна стручна матура/државна уметничка матура, се:

- болест или лекување;
- вонредни околности: природни несреќи, несреќен случај на кандидатот или член во потесното семејство, сообраќајна несреќа со потешки последици;
- други оправдани причини (меѓународни натпревари, конкурси, јавни настапи во странство и слично).

(3) Кандидатот за причините од став (2) на овој член, треба да приложи писмен доказ до УМК.

Член 5

Кандидатот со статус на вонреден ученик се пријавува во училиште кое изведува наставен план и програми по кој претходно се образувал согласно член 2 ставовите (1) и (6) од овој правилник.

## III. ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТИ НА ДРЖАВНАТА МАТУРА/ДРЖАВНАТА СТРУЧНА МАТУРА/ДРЖАВНАТА УМЕТНИЧКА МАТУРА

Член 6

(1) Државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура се полагаат согласно Концепцијата за испитите на крајот од средно образование (во натамошниот текст: Концепцијата).

(2) Државната матура/државна стручна матура/државна уметничка матура се полага во два испитни рока: јунски и августовски испитен рок.

(3) Кандидатот кој за прв пат полага државна матура/државна стручна матура/државна уметничка матура ги пријавува сите испити согласно Концепцијата.

(4) Испитите од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура кои кандидатот не ги положил, ги полага во следните испитни рокови, освен во случаите кога му е изречена мерка поништување на испитот со забрана за полагање на испити од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура во истиот и во наредниот испитен рок.

(5) Кандидатот со попреченост може државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура да ја полага на делови (во јуни и во август).

Член 7

Термините за полагање на испитите од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура се објавуваат на училишната огласна табла, најдоцна еден месец пред почетокот на полагањето на државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура.

Член 8

(1) Кандидатот во еден ден може да полага најмногу еден испит.

(2) Испитите од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура може да се спроведуваат и во сабота.

Член 9

(1) Ако кандидатот од оправдани причини го прекинал полагањето или не може да полага државна матура/државна стручна матура/државна уметничка матура, УМК врз основа на писмените докази може да му овозможи во истиот испитен рок да го полага испитот.

(2) Оправдани причини за неучество или прекинување на испит или државна матура/државна стручна матура/државна уметничка матура, се:

- болест или лекување;
- вонредни околности: утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди;
- несреќен случај на кандидатот или член во потесното семејство;
- други оправдани причини (меѓународни натпревари, конкурси, јавни настапи во странство и слично).

(3) Кандидатот за причините од став (2) на овој член, треба да приложи писмен доказ до УМК.

(4) Случаите од став (2) на овој член, не се однесуваат на екстерните испити, освен во случај на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди).

(5) Во случаите од став (2) алинеја 2 на овој член, кандидатот по приложувањето на писмен доказ, издаден од соодветна установа, до УМК, го полага испитот во дополнителниот термин.

Член 10

(1) Од страна на државните матурски предметни комисии за секоја учебна година, за екстерните испити се подготвуваат испитни задачи доволно за најмалку три испитни комплети за државна матура, државна стручна матура и државна уметничка матура.

(2) Од страна на претседателите на државните матурски предметни комисии, од испитните задачи, се подготвуваат по три испитни комплети за државна матура/државна стручна матура/државна уметничка матура, во кои се содржи тест за јунскиот испитен рок, тест за августовскиот испитен рок и резервен тест.

(3) Секој испитен комплет за екстерниот испит се состои од тест, листи за одговори и упатство за оценување.

(4) Испитните комплети по соодветните предмети, од страна на претседателите на државните матурски предметни комисии се доставуваат до ДИЦ.

(5) Од страна на ДИЦ, најдоцна два часа, а најрано 24 часа пред започнувањето на испитот по одреден предмет, се доставува испитниот материјал по тој предмет во потребен број на примероци до претседателот на УМК.

(6) Од страна на училишната предметна комисија за секоја учебна година се подготвуваат по три испитни комплети за интерниот испит за државна матура/државна стручна матура/ државна уметничка матура врз основа на испитната програма по соодветниот предмет (еден испитен комплет за јунскиот рок, еден за августовскиот рок и еден резервен комплет).

(7) Од страна на претседателот на училишната предметна комисија, испитните комплети се доставуваат до претседателот на УМК, три дена пред започнувањето на испитот.

(8) Еден испитен комплет за интерниот испит се состои од тест, упатство за оценување и скали за претворање на бодовите во оценки.

(9) Претседателот на УМК се грижи за заштита на тајноста на испитниот материјал и за обезбедување на потребниот број тестови и упатства за оценување.

Член 11

(1) Државната матура, државната стручна матура и државната уметничка матура кандидатот ја полага во училиштето во кое ја завршил последната година на образованието или на локација утврдена од страна на ДИЦ.

(2) Кандидатот со нострифицирана диплома или свидетелство, државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура ја полага во училиштето во кое се пријавил или на локација утврдена од страна на ДИЦ.

(3) За екстерните испити за кои бројот на пријавените кандидати по видот на испитите на крај на средното образование од училиштето е помал од 45 може да се спроведе полагање на тие испити на друга локација определена од ДИЦ.

Член 12

(1) Кандидатот најдоцна еден месец пред почнувањето на јунскиот испитен рок се запознава со постапките за спроведување на испитите.

(2) Претседателот на УМК се грижи за правилно и навремено информирање на кандидатите.

Член 13

(1) Кандидатот кој завршил четврта година, а не положил државна матура/државна стручна матура/државна уметничка матура, може да полага државна матура/државна стручна матура/државна уметничка матура во наредните учебни години.

(2) На кандидатите кои претходно положиле училишна матура во гимназиско или училишна матура во уметничко образование или завршен испит во стручно образование, а наредните учебни години полагаат државна матура/државна стручна матура/државна уметничка матура, за положени им се признаваат, проектната задача, како и интерните испити по стручните предмети кои се засновани на истата испитна програма за истиот предмет во државна матура/државна стручна матура/државна уметничка матура.

(3) На кандидатите кои ја положиле проектната задача, а не ја завршиле четврта година од средното образование, им се признава за положена проектната задача.

Член 14

(1) Во исклучителни случаи на спреченост на започнување на екстерниот испит во определеното време, УМК може да го одложи започнувањето на испитот најмногу до 30 минути и за тоа се известува ДИЦ.

(2) Во случај на непредвидени околности пред започнувањето на испитот, од страна на ДИЦ може да се одлучи испитот да започне со задоцнување поголемо од 30 минути од однапред определеното време.

(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член, тестаторот се грижи кандидатите да не ја напуштат просторијата во која се распоредени.

Член 15

(1) За кандидатите кои полагаат писмен екстерен испит, распоредот на кандидатите по простории се подготвува од страна на ДИЦ.

(2) Податоците за распоредот на кандидатите по простории се објавуваат од страна на УМК на училишната огласна табла или на друго видливо место достапно за кандидатите, еден ден пред почетокот на испитот.

(3) Податоците за распоредот на кандидатите по простории до нивното објавување на огласна табла или на друго видливо место се чуваат во тајност.

(4) Од страна на УМК, за интерните писмени испити, најдоцна една седмица пред испитот се прави распоред на кандидатите по простории.

(5) Списоците за распоредот на кандидатите по простории од став (4) на овој член, за секој испит посебно се објавуваат од страна на УМК на училишната огласна табла или на друго видливо место достапно за кандидатите, еден ден пред испитот.

Член 16

(1) Просториите во кои се полага испитот треба да бидат подготвени за полагање најмалку 12 часа пред започнувањето на испитот.

(2) Од просториите треба да бидат отстранети сите наставни средства и учебни помагала.

(3) За секој кандидат се обезбедува клупа и стол. Растојанието меѓу двајца кандидати не треба да биде помало од 1,5 метри. Сите клупи се свртени во иста насока.

(4) Од страна на УМК, најдоцна една седмица пред интерниот испит се прави распоред на тестаторите по простории. За секои 15 кандидати се определува по еден тестатор.

(5) Просториите во кои се полага испитот треба да бидат пространи, светли, прегледни и со минимум 30 работни места.

(6) Кандидатот со себе треба да има документ за идентификација - лична карта, патна исправа или ученичка легитимација со фотографија и печат од матичното училиште.

(7) На кандидатот кој заборавил да понесе со себе документ за идентификација, му се овозможува да го полага испитот, за што резервниот тестатор го известува претседателот на УМК. Претседателот на УМК стапува во контакт со родителите/старателите на кандидатот со барање потребниот документ да го достават најдоцна 30 минути пред завршување на испитот, во спротивно, испитот на кандидатот не му се признава.

(8) Кандидатите со себе треба да носат прибор за пишување (пенкало кое пишува сино) и други средства кои се предвидени со испитната програма за соодветниот предмет.

(9) Кандидатите во испитната просторија ги оставаат своите лични предмети на определено место за тоа. За време на испитот на тестаторот и кандидатите им се забранува употреба на мобилни телефони и други електронски уреди.

Член 17

(1) Тестаторот го отвора запечатениот испитен материјал пред кандидатите.

(2) Кандидатите треба да ги слушаат насоките на тестаторот и да работат самостојно.

(3) Освен кандидатите и тестаторите, на испитот може да присуствуваат и други лица кои имаат писмено овластување од ДИЦ.

(4) Лицата од став (3) на овој член, го следат целиот тек на испитот или дел од испитот.

(5) На кандидатот кој задоцнил повеќе од 15 минути од почетокот на испитот, не му се дозволува да полага.

(6) На кандидатот кој задоцнил помалку од 15 минути од почетокот на испитот, му се дозволува полагање на испитот, но времето за полагање не му се продолжува.

(7) За време на испитот кандидатот може да ја напушти просторијата само еднаш и тоа најдолго пет минути во присуство на резервен тестатор.

(8) Просторијата не може да ја напушти повеќе од еден кандидат во исто време од групата на кандидати за кои е одговорен еден тестатор.

(9) Првите 30 минути од почетокот на испитот и последните 15 минути пред крајот на испитот, кандидатот не може да ја напушти просторијата.

(10) Кандидатот може во секое време, освен времето наведено во став (9) на овој член, да го заврши испитот и по предавањето на испитниот материјал на тестаторот може да ја напушти просторијата.

(11) Испитот завршува во точно предвиденото време, согласно времетраењето на испитот.

(12) По завршувањето на испитот, тестаторот ги проверува, пакува и предава испитните материјали согласно добиеното упатство.

(13) Тестаторот подготвува извештај за целиот тек на испитот и пополнува соодветни формулари.

Член 18

(1) Темата за проектната задача кандидатот може да ја предложи сам или во консултација со наставникот ментор, согласно критериумите за оценување на проектната задача во испитната програма. Проектната задача кандидатот ја подготвува самостојно воден од наставник - ментор за проектна задача.

(2) Кандидатот самостојно го одбира менторот на проектната задача.

(3) Наставникот-ментор за проектна задача може да има најмногу 30 кандидати за менторирање.

Член 19

(1) Кандидатот за проектната задача:

- најдоцна до крајот на ноември во учебната година во која полага државна матура/државна уметничка матура/државна стручна матура, избира тема за проектна задача;

- најдоцна до крајот на март во учебната година во која се полага државната матура/државната уметничка матура/државната стручна матура, предава еден примерок од пишаниот дел и/или од изработениот продукт/творба од подготвената проектна задача до УМК во хартиена форма и во електронска форма на менторот, кој потоа го доставува до останатите членови на комисијата за проектна задача.

(2) Училиштето предадениот примерок од проектната задача на кандидатот во хартиена форма го архивира.

Член 20

(1) Презентацијата и одбраната на проектната задача, се врши пред соодветна комисија.

(2) За еден кандидат времетраењето на презентацијата и одбраната на проектната задача е најдолго 20 минути.

Член 21

(1) Кандидатот кој ги нарушува правилата за полагање на испити од државната матура, државната стручна матура или државната уметничка матура, може да биде опоменат во текот на испитот, отстранет од испитот, да му биде поништен испитот и да му се поништи испитот со забрана за полагање на испити во истиот и во наредниот испитен рок.

(2) Под нарушување на правилата од став (1) на овој член, се подразбира:

- поседување и употреба на недозволен материјал во испитната просторија (хартија, мобилен телефон и други електронски уреди);
- несоодветно однесување во текот на испитот (кога кандидатот се обидува да го прекине испитот, кога еден кандидат му пречи на друг кандидат или кога кандидатот упатува закани кон тестаторите или набљудувачите на испитот);
- размена на информации со друг/и кандидат/и поврзани со испитот;
- препишување од друг кандидат;
- полагање наместо друг кандидат;
- непредавање на целиот или на дел од испитниот материјал (тестот и/или листата со одговори);
- дозволување сопствениот труд да го искористи друг кандидат;
- пишување на (недолични) знаци или содржини на тестот или листата за одговори кои не се поврзани со испитот и
- го пишува идентитетот на кандидатот на некој дел од тестот.

Член 22

(1) За нарушување на правилата за полагање на екстерните испити од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура, направени од страна на кандидатот, се изрекуваат следните мерки кои се степенувани:

- опомена во тек на испитот;
- прекинување на испитот (отстранување од испит);
- поништување на испитот и
- поништување на испит со забрана за полагање на испити од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура во истиот и во наредниот испитен рок.

(2) Мерката опомена во тек на испитот, се изрекува во случаите кога кандидатот само еднаш зборува во текот на испитот, се врти или се обидува да воспостави контакт со други кандидати.

(3) Мерката прекинување на испитот (отстранување од испитот), се изрекува во случаите кога кандидатот несоодветно се однесува во текот на испитот (кога кандидатот се обидува да го прекине испитот, кога еден кандидат му пречи или помага на друг кандидат) или доколку по втор пат му е изречена мерката од став (2) на овој член.

(4) Тестаторот/набљудувачот изречените мерки од ставовите (2) и (3) на овој член, ги евидентира во Формуларот за идентификација на кандидатите - Протокол.

(5) Одговорите на кандидатот на тестот се вреднуваат до изрекувањето на мерката прекинување на испитот (отстранување од испитот).

(6) Мерката поништување на испитот, се изрекува во случаите кога кандидатот во текот на испитот:

- поседува недозволени средства кои не се пропишани со испитната програма (хартија, мобилен телефон или други електронски уреди);
- разменува информации поврзани со испитот со друг кандидат или тестатор;
- препишува од друг кандидат;
- дозволува сопствениот труд да го искористи друг кандидат или
- не го предава целиот испитен материјал (тестот и/или листата со одговори).

(7) Тестаторот/набљудувачот изречената мерка од ставот (6) на овој член, ја евидентира во Формуларот за идентификација на кандидатите - Протокол.

(8) Мерката поништување на испитот, се изрекува и во процесот на оценување кога оценувачот на екстерниот испит констатира дека во тестот:

- кандидатот го напишал своето име и презиме (или го открил својот идентитет);
- има две третини идентични одговори на отворено прашање со подолг одговор со најмалку уште еден кандидат или
- е откриен плагијат во одговорите на отворено прашање со подолг одговор од наведени извори или употреба на вештачка интелигенција.

(9) Оценувачот ги евидентира нарушувањата на правилата за полагање на испити од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура од ставот (8) на овој член, во Формуларот за евиденција на неправилности од страна на кандидатот.

(10) Одговорите на кандидатот при изрекување на мерката поништување на испитот се вреднуваат со нула бодови на целиот тест.

(11) Мерката поништување на испит со забрана за полагање на испитите од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура во истиот и во наредниот испитен рок, се изрекува во случаите кога кандидатот:

- полага наместо друг кандидат (замена на идентитет) или
- несоодветно се однесува во текот на испитот (кога кандидатот упатува закани кон друг кандидат или тестатор или набљудувач на испитот).

(12) Одговорите на кандидатот при изрекување на мерката поништување на испит со забрана за полагање на испитите од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура во истиот и во наредниот испитен рок, се вреднуваат со нула бодови на целиот тест за тој испит за кој е изречена мерката и на кандидатот му се забранува да ги полага преостанатите испити во текот на истиот испитен рок, како и му се забранува да полага испити од државна матура во наредниот испитен рок.

(13) Тестаторот/набљудувачот изречената мерка од став (11) на овој член, ја евидентира во Формуларот за идентификација на кандидатите - Протокол.

(14) Тестаторот/набљудувачот ги евидентира нарушувањата на правилата за полагање на испитите од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура во Формуларот за идентификација на кандидатите - Протокол.

(15) Предлог за изрекување на мерката поништување на испитот со забрана за полагање на испитите од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура во истиот и во наредниот испитен рок, даваат тестаторот и/или набљудувачот до ДИЦ.

(16) Од страна на комисијата за изрекување на мерки при ДИЦ, најдоцна до објавување на прелиминарните резултати од екстерните испити од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура, писмено се известува УМК за кандидатот за кој е изречена мерката од став (11) на овој член.

(17) Комисијата од став (16) на овој член, изготвува извештај со сите кандидати на кои им се изречени мерките од ставовите (3), (6), (8) и (11) на овој член, и ги доставува до одговорното лице во ДИЦ за понатамошно постапување.

Член 23

(1) За нарушување на правилата за полагање на интерните испити од државна матура, направени од страна на кандидатот, се изрекуваат следните мерки кои се степенувани:

- опомена во тек на испитот;
- прекинување на испитот (отстранување од испит);
- поништување на испитот и
- поништување на испит со забрана за полагање на испити од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура во истиот и во наредниот испитен рок.

(2) Мерката опомена во тек испитот, се изрекува во случаите кога кандидатот само еднаш зборува во текот на испитот, се врти или се обидува да воспостави контакт со други кандидати.

(3) Мерката прекинување на испитот (отстранување од испитот), на предлог на тестаторот ја изрекува УМК, во случаите кога кандидатот несоодветно се однесува во текот на испитот (кога кандидатот се обидува да го прекине испитот или кога еден кандидат му пречи на друг кандидат).

(4) Одговорите на кандидатот на тестот се вреднуваат до изрекувањето на мерката прекинување на испитот (отстранување од испитот).

(5) Мерката поништување на испитот, на предлог на тестаторот ја изрекува УМК во случаите кога кандидатот во текот на испитот:

- поседува недозволени средства кои не се пропишани со испитната програма (хартија, мобилен телефон или други електронски уреди);
- разменува информации поврзани со испитот со друг кандидат или тестатор;
- препишува од друг кандидат;
- дозволува сопствениот труд да го искористи друг кандидат или
- не го предава целиот испитен материјал.

(6) Мерката поништување на испитот на предлог на оценувачот ја изрекува УМК, во случаите кога оценувачот на испитот констатира дека во тестот:

- кандидатот го напишал своето име и презиме (или го открил својот идентитет);
- има идентични одговори на отворено прашање со подолг одговор со најмалку уште еден кандидат или
- е откриен плагијат во одговорите на отворено прашање со подолг одговор од наведени извори или употреба на вештачка интелигенција.

(7) Одговорите на кандидатот на тестот се вреднуваат до изрекувањето на мерката прекинување на испитот (отстранување од испитот).

(8) Мерката поништување на испитот со забрана за полагање на испитите од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура во истиот и во наредниот испитен рок, на предлог на тестаторот ја изрекува УМК, во случаите кога кандидатот:

- полага наместо друг кандидат (замена на идентитет) или
- несоодветно се однесува во текот на испитот (кога кандидатот упатува закани кон друг кандидат или тестатор или набљудувач на испитот).

(9) Одговорите на кандидатот при изрекување на мерката поништување на испит со забрана за полагање на испитите од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура во истиот и во наредниот испитен рок се вреднуваат со нула бодови на целиот тест за тој испит за кој е изречена мерката и на кандидатот му се забранува да ги полага преостанатите испити во текот на истиот испитен рок, како и му се забранува да полага испити од државна матура во наредниот испитен рок.

Член 24

(1) Доколку набљудувачот констатира дека тестаторот не постапува согласно член 22 од овој правилник, или му помага на кандидатот во решавање на тестот, го отстранува тестаторот од испитната просторија и го заменува со некој од резервните тестатори.

(2) Во случајот од став (1) на овој член, набљудувачот ги информира претседателот на УМК и ДИЦ за извршената промена на тестаторот и тоа го евидентира во Формуларот за набљудување на државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура.

(3) Набљудувачот за случаите од став (1) на овој член, изготвува извештај и го доставува до ДИЦ, најдоцна еден ден по одржувањето на екстерниот испит од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура.

(4) Од страна на ДИЦ извештајот од став (3) на овој член, се доставува до работодавачот на тестаторот, најдоцна до објавувањето на конечните резултати.

## IV. ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА МАТУРА/ДРЖАВНАТА СТРУЧНА МАТУРА/ДРЖАВНАТА УМЕТНИЧКА МАТУРА ЗА КАНДИДАТИТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТИ ВО ГИМНАЗИСКОТО, СТРУЧНОТО И УМЕТНИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 25

(1) Од страна на УМК за кандидатите со попреченост/и, се подготвува и осмислува начинот на прилагодување на интерните делови од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура во консултација со ДИЦ.

(2) Прилагодувањето на државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура за кандидатите со попреченост/и треба да биде соодветно на нивното искуство стекнато во наставниот процес.

Член 26

(1) Испитот за кандидатите со попреченост/и трае најмногу за 50% подолго од времето предвидено за испитот по соодветниот предмет.

(2) Од страна на УМК може да се предвиди и време за одмор на кандидатот (пауза).

(3) За кандидатите од став (1) на овој член, се обезбедува посебна просторија. Ако испрашувачот е надворешен член, се обезбедува внатрешен член на комисија и тестатор на испитот. Од страна на тестаторот на испитот се обезбедува да не се нарушува испитниот ред.

Член 27

За кандидатите со попреченост/и се вршат следниве прилагодувања:

- техничко прилагодување на испитниот материјал;
- полагање со помошник;
- употреба на посебни помагала;
- прилагоден испит со употреба на Брајово писмо и/или знаковен јазик;
- прилагодена подготовка на изготвување на проектната задача и нејзино оценување.

Член 28

(1) Кандидатот со попреченост/и може да се ослободи од полагање на дел од испитниот материјал кој не е можно да се прилагоди.

(2) Ставот (1) на овој член, се однесува само за испитите кои се реализираат интерно.

Член 29

(1) За кандидатот со телесна попреченост или комбинирана попреченост, се обезбедува читач и запишувач на одговорите (помошник). Помошник е еден од членовите на испитната комисија.

(2) Помошникот од став (1) на овој член, не може да биде наставник или роднина на кандидатот од став (1) на овој член.

Член 30

(1) Кандидатот со попреченост/и може да користи компјутер.

(2) Кандидатот не може да има пристап до било какви програми кои би му овозможиле полесно да го положи испитот. Една копија од одговорите на кандидатот се чува на надворешен преносен мемориски уред, а една копија се печати, а потоа претседателот на испитната комисија одговорите на кандидатот ги брише од компјутерот.

Член 31

На кандидатот со оштетен вид (слабовиди и слепи ученици), може да му се обезбеди во текот на испитот да користи видно или Брајово писмо.

Член 32

Презентацијата и одбраната на проектната задача треба да се прилагодат така што кандидатот да може да ги покаже своите знаења и способности.

Член 33

Одредбите од членовите 28, 29 и 31 од овој правилник, соодветно се применуваат и за полагањето на државна матура, државна стручна матура и државна уметничка матура на кандидатите кои се на болничко лекување подолго од шест месеци во здравствена установа.

## V. ОЦЕНУВАЊЕ НА ИСПИТИ ОД ДРЖАВНАТА МАТУРА, ДРЖАВНАТА СТРУЧНА МАТУРА И ДРЖАВНАТА УМЕТНИЧКА МАТУРА

Член 34

(1) Проверувањето и оценувањето на знаењата и способностите на кандидатите по наставните предмети од задолжителниот дел и од изборниот дел од државната матура, државна стручна матура и државна уметничка матура се врши екстерно/интерно согласно Концепцијата.

(2) Проверувањето и оценувањето на испитите од ставот (1) на овој член, кои се реализираат екстерно го вршат надворешни оценувачи.

(3) Проверувањето и оценувањето на испитите од ставот (1) ) на овој член, кои се реализираат интерно се врши од страна на училишните предметни комисии, согласно испитните програми.

(4) Проверувањето и оценувањето на проектната задача во гимназиското, стручното и уметничкото образование се врши интерно пред соодветна комисија од училиштето, согласно испитните програми.

Член 35

(1) Оценувањето на знаењата и способностите на кандидатите за интерните и екстерните испити од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура се врши со бодови, кои потоа се претвораат во оценки од еден (1) до пет (5) за интерните испити, а во оценки и перцентилен ранг за екстерните испити.

(2) Сите оценки се преодни, освен оценката еден (1).

(3) Оценувањето за екстерните испити го вршат оценувачи кои се определуваат и обучуваат од страна на ДИЦ, а се од редот на наставниците во средните училишта кои реализираат настава по предметот што се оценува.

(4) По исклучок, доколку за оценувач не се обезбеди наставник од средно училиште, се определува наставник од основно училиште, со завршено високо образование и кој реализира настава по предметот што се оценува.

Член 36

(1) Предлог - прагот за оценката доволен (2) и за оценката одличен (5) за секој екстерен испит се определува од страна на стручни комисии по завршувањето на испитот, согласно процедурите за организирање и спроведување на екстерниот дел од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура.

(2) Стручните комисии за определување на предлог - прагот на положеност по конкретен наставен предмет, по правило се составени од тројца членови на државните матурски предметни комисии и тројца оценувачи, додека за предметите за кои се пријавиле помалку од 50 кандидати стручните комисии можат да бидат и со помал број на членови.

(3) Најдоцна 15 дена од денот на завршување на оценувањето на екстерните испити од државната матура, државната стручна матура, односно државната уметничка матура, од страна на стручните комисии за определување на праг на положеност за секој екстерен предмет, се доставуваат предлог - прагови на положеност до Државниот матурски одбор.

(4) Проектната задача се оценува од страна на училишната комисија за проектна задача така што подготвителната фаза и фазата на изработка се оценува од наставникот-ментор, а фазата на презентација и одбрана од другите двајца членови на комисијата.

(5) Во оценката за проектната задача наставникот-ментор на кандидатот учествува со 50%, а останатите двајца членови со по 25%.

(6) Оценките се даваат бројчано и описно (во записникот).

Член 37

(1) Прелиминарните резултати од екстерните испити се објавуваат на интернет страницата на ДИЦ, најдоцна 30 дена од спроведувањето на последниот екстерен испит.

(2) Резултатите од испитите на државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура до нивното објавување се чуваат во тајност.

(3) Конечните резултати се објавуваат на интернет страницата на ДИЦ по разгледувањето на приговорите.

(4) Резултатите од екстерните испити се објавуваат од страна на УМК на огласната табла во училиштето, еден ден по нивното примање од ДИЦ.

(5) Резултатите од интерните испити и проектната задача се објавуваат на огласната табла во училиштето од страна на УМК најдоцна три дена по завршување на испитот по соодветниот предмет или по одбраната на проектната задача.

(6) Од страна на УМК се објавуваат на огласната табла во училиштето и вкупните резултати од сите испити на државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура.

Член 38

(1) Кандидатот кој не ја положил државната матура, државната стручна матура или државната уметничка матура се известува за постигнатиот успех по одделните делови од државната матура, државната стручна матура или државната уметничка матура.

(2) Испитите на кои кандидатот не добил преодна оценка, ги полага во наредните испитни рокови, при што кон пријавата за полагање кандидатот доставува потврда за положените испити од државната матура/државната стручна матура/државната уметничка матура од претходните испитни рокови.

Член 39

(1) Кандидатот, доколку смета дека е направена грешка во оценувањето на испитните задачи, во пресметувањето на бројот на бодовите или во изведувањето на оценката, може да достави приговор на оценката од испитот.

(2) Приговорот од став (1) на овој член, се доставува најдоцна два дена по објавувањето на прелиминарните резултати од испитот.

(3) Кандидатот приговорот за екстерните испити го поднесува до УМК, која приговорот го проследува до ДИЦ, најдоцна еден ден по завршување на доставувањето на приговорите.

(4) Приговорот од став (3) на овој член, се разгледува од страна на предметната комисија за приговори.

(5) Ако бројот на приговорите по одреден предмет е голем, може да се формираат повеќе од една комисија за приговори.

(6) Со поднесувањето на приговорот кандидатот приложува копија од уплатница за трошоци за разгледување на приговорот.

(7) Ако комисијата од став (4) на овој член, врз основа на увидот во испитниот материјал констатира дека приговорот на кандидатот е основан, утврдува конечен број на бодови, а уплатените средства на кандидатот му се враќаат.

(8) Кандидатот приговорот за испитите од интерниот дел го поднесува до УМК која го проследува приговорот до училишната предметна комисија.

(9) Училишната предметна комисија го разгледува приговорот во присуство на еден член од УМК.

(10) Кандидатот за резултатот од приговорот од став (9) на овој член, се известува најдоцна три дена од денот на приемот на приговорот.

(11) Ако комисијата од став (8) на овој член, констатира дека е направена грешка, во тој случај таа утврдува конечен број на бодови.

(12) Кандидатот кој доставил приговор, може да изврши увид во тестот.

Член 40

(1) Кандидатот кој успешно ја положил државната матура/државната стручна матура/државна уметничка матура и сака да го подобри успехот од еден или повеќе предмети, повторно полага наредната учебна година.

(2) Кандидатот кој не е задоволен од постигнатиот резултат од испитот по одреден предмет, може да поднесе барање за преполагање на добиениот резултат до УМК најдоцна три дена од објавувањето на конечните резултати од страна на ДИЦ за тој испитен рок и за истото го известува ДИЦ.

(3) Во случајот од став (2) на овој член, на кандидатот не му се издава диплома за завршено средно образование.

(4) Кандидатот од став (2) на овој член, повторно го пријавува испитот во училиштето во кое ја полагал државната матура/државна стручна матура/државна уметничка матура согласно член 2 од овој правилник и преполага во првата наредна испитна сесија.

(5) На кандидатот од став (1) на овој член, му се утврдува оценка што ја постигнал на повторното полагање.

(6) Полагањето за подобрување на резултатот кандидатот од став (1) на овој член, го користи само еднаш.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 41

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на полагањето и оценувањето на резултатите на учениците на испитите во државната матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/25).

### Член 42

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-15176/1
4 декември 2025 година
Скопје

Министерка за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.